СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Осумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 јануари 1998 година

Скопје, јануари 1998 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 82-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 16.I. 1998 год.**

Дискутанти:

1БИЉАЛИ МЕРСЕЛ – 2
2. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 1
(води седница)

Дневен ред:

–ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА-
(се одлага нема министри)

-СЕДНИЦАТА НЕ СЕ ОДРЖА ПОРАДИ НЕМАЊЕ НА-

МИНИСТРИ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Осумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 јануари" 1998 година

Седницата се одржа во сала I на Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Димитрија Поповски, Владимир Станковски и Иван Бојков ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со поставување пратенички прашања.

Ве молам, да се повикаат министрите бидејќи е договорено во 14 часот да дојдат.

Сега можат пратениците, еве тука имаме тројца-четворица претставници на Владата од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи и Министерството за урбанизам, така што додека дојдат другите министри од таа сфера да поставуваме прашања.

(пратеници од место извикуваат "немаме одговори") .

2.-

Продолжуваме онаму каде што застанавме на претходната седница, бидејќи стаставме до, така да кажам, половина од вкупниот број на пратеници кои сакаат да поставуваат пратенички прашања.

Сега е на ред, според ова што е запишано овде господин Наџи Пурде.

(По реакцијата на пратеникот Наџи Пурде од место).

Нема министер тука.

Господин Беличев - нема, се повлекува.

Господин Коцевски.

Процедурално има збор господин Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господа пратеници, сметам дека е сосема неоправдано да се девалвира овој Парламент од причина што тука јас не гледам министри, има само еден министер и еден заменик. Сметам дека многу оправдано е да присуствува мнозинството од министрите тука, за да има елементарни услови за нормално работење. Ова го сметам за неморално вака да се работи.

Предлагам да се одложи седницата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, јас ви должам и една информација. Известен сум од Владата дека поради посетата на Фатос Нано, шест министри се зафатени денес во разговорите со него.

Можеме да се договориме дали да продолжиме или да се задоволиме со одговорите на замениците министри кои ќе бидат тука или да го одложиме поставувањето на пратеничките прашања во наредна прилика. Се согласуваме? (Да).

Кога ќе продолжиме дополнително ќе информирам.

(Седницата прекина во 14,05 часот).